Република Северна Македонија
НОТАР
Зорица Пулејкова
за подрачјето на Основните судови
на градот Скопје
Кузман Јосифовски Питу 15

ОДУ број 76/25

НОТАРСКИ АКТ-ИЗВОД (ПРВ)

29 мај 2025 година ---------------------------------------------------------------------------
(Дваесет и деветти ден, месец мај, две илјади и дваесет и петта година)
Во Скопје, во 12 (дванаесет) часот, 0 (нула) минути.------------------------------

Јас, нотар Зорица Пулејкова, со службено седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу број 15 во Скопје, денес, на 29 мај 2025 година (Дваесет и деветти ден, месец мај, две илјади и дваесет и петта година), на покана од ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. Васил Иљоски број 14 во Скопје-Центар, присуствував на 60. седница на Собранието на акционерите на Банката која се одржа на денешен ден во седиштето на Банката на ул. Васил Иљоски број 14 во Скопје-Центар, со почеток во 12 (дванаесет) часот и 0 (нула) минути, при што, согласно одредбите од Законот за нотаријатот, и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот ------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

ЗАПИСНИК ОД 60. СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ
на ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје

---------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје на мое барање ми беше предочена следната документација: --------------------------------------------------

1. Тековна состојба на Банката од Единствениот трговски регистар издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, под број 0805-50/150020250208295 на 29.05.2025 година, од која утврдив дека ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. Васил Иљоски број 14 во Скопје-Центар, е запишана во Единствениот трговски регистар што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, со ЕМБС 4558669 (прилог А кон овој Записник);
---------------------------------------------------------------------------------------------------
2. Акционерската книга на Банката, со состојба на ден 29.05.2025 година, во 09 часот, 20 минути, 17 секунди, во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број на обични акции 2.095.415

и вкупен број на гласови 2.095.415 (прилог кон овој Записник кој се наоѓа во списите на предметот);--------------------------------------------------

3. Јавен повик за учество на 60. седница на Собрание на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, објавен на половина страница во весникот "Нова Македонија" на 25.04.2025 година (прилог кон овој Записник кој се наоѓа во списите на предметот);--------------------------------
4. Списокот на пријавените и присутни акционери лично или преку полномошник на седницата на Собранието, со број на акции односно гласови. Од наведениот список, по неговата верификација, се утврди дека на седницата на Собранието се присутни вкупно 3 (три) акционери на Банката кои се сопственици на обични акции со право на глас на 29 мај 2025 година и нивни застапници или полномошници, со вкупно 2.024.135 гласа, што претставува 96,6% од вкупниот број на обични акции со право на глас. Списокот на присутни акционери на Банката лично или преку нивни застапници или полномошници, претставува составен дел на овој Записник, означен како прилог Б кон овој Записник; -----------------------------------------------------------------
5. Полномошно за учество на Акционерско собрание на Шпаркасе Банка АД Скопје, издадено од акционерот Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft, со ЕДБ/ЕМБГ 988/6869 во даночната канцеларија Graz-Stadt, издадено од овластени лица г. д-р Георг Бухер и г.Славиша Којиќ, заверено од нотар д-р Петер Венгер во Грац, Република Австрија, под рег.број 1473/25 од 13.05.2025 година (прилог В кон овој Записник); ---------------------------------------------------
6. Извештај за присутни акционери лично или преку полномошник на седницата на Собранието, со број на акции односно гласови (прилог Г кон овој Записник). ---------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, полномошник на мнозинскиот акционер, која претседавала на претходната седница на Собрание на акционери на Банката, која ги поздрави присутните, и појасни дека согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката, потребно е да се изберат Претседавач на Собранието, комисија за броење на гласови, и записничар-нотар, по што за претседавач на Собранието ја предложи г-ѓа Маја Камчева-Ставрова. Со оглед на тоа што немаше други предлози, се стави на гласање предлогот за претседавач со Собранието да се избере г-ѓа Маја Камчева-Ставрова. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. За предлогот за избор на г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------

Г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, констатира дека за Претседавач со Собранието на акционерите едногласно е избрана г-ѓа Маја Камчева-Ставрова. ------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, со живеалиште на бул.В.Смилевски Бато број 2Б/2-24 во Скопје, чиј што идентитет го

утврдив преку увид во лична карта број M0499208 издадена 09.02.2023 година од МВР Скопје, појасни дека записникот од седницата на Собранието ќе го води нотар, и за записничар ја предложи Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје. Со оглед на тоа што немаше други предлози, Претседавачот го стави на гласање предлогот за записничар на седницата на Собранието да биде избрана Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. За предлогот за избор на Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека за записничар на седницата на Собранието едногласно е избрана Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје. ---------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа Претседавачот предложи заради ефикасно водење на седницата на Собранието да се избере бројач на гласови и за бројач на гласови ја предложи г-ѓа Христина Чучурска. Со оглед на тоа што немаше други предлози, Претседавачот го стави на гласање предлогот за бројач на гласови да се избере г-ѓа Христина Чучурска. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. За предлогот за избор на г-ѓа Христина Чучурска акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека за бројач на гласови на седницата на Собранието едногласно е избрана г-ѓа Христина Чучурска. ---------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот ги информираше присутните дека согласно верификуваниот Извештај за присутни акционери лично или преку полномошник на седницата на Собранието, со број на акции односно гласови, се утврди дека на седницата на собранието се присутни вкупно 3 (три) акционери на Банката кои се сопственици на обични акции со право на глас на 29 мај 2025 година и нивни застапници или полномошници, со вкупно 2.024.135 гласа, што претставува 96,6% од вкупниот број на обични акции со право на глас и констатира дека има кворум за Собранието да може полноважно да работи и да одлучува, и ги покани присутните акционери односно нивните полномошници и застапници кои се заинтересирани за точноста на наводите во Извештајот да извршат увид во Списокот на присутните акционери односно нивните полномошници и застапници во кој истите се уредно потпишани.---------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот укажа дека во законскиот рок по објавувањето на јавниот повик и содржината на дневниот ред на интернет-страната на Банката нема доставено предлози за измени и дополнувања на Дневниот ред. Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката,

ОДУ број 76/25

Собранието може да расправа само по прашања кои се уредно ставени на Дневен ред. ------------------------------------------------------------------------------

Потоа Претседавачот предложи да се утврди следниот ------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Дневен ред

---------------------------------------------------------------------------------------------------

1.Избор на претседавач со Собранието, Нотар и бројач на гласови. -------

2.Разгледување на Записник од 59. седница на Собранието на акционери на Банката. ---------------------------------------------------------------------

3. Единечни финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година ревидирани од страна на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје и Извештај на независниот ревизор, со Мислење на Надзорниот одбор на Банката, и Предлог одлука за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година со Мислење на Надзорниот одбор. ----------------------------------------------------

4. Консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година ревидирани од страна на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје и Извештај на независниот ревизор, со Мислење на Надзорниот одбор на Банката, и Предлог одлука за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година со Мислење на Надзорниот одбор. -------------------------------------

5. Годишна сметка и финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за периодот 01.01-31.12.2024 година, со Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи. ----------------------------------

6. Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за периодот 01.01-31.12.2024 година, со Предлог одлука за усвојување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи. --------------------------------

7. Годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2024 година, со Мислење на Надзорниот одбор на Банката и Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето на Надзорниот одбор. ------------------------------------------------------------------------

8. Консолидиран годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2024 година, со Мислење на Надзорниот одбор на Банката и Предлог одлука за усвојување на Консолидираниот годишен извештај и Мислењето на Надзорниот одбор. ---------------------------------------------------

9. Предлог Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје, по Годишна сметка за 2024 година. ------------------------------------------------------------------------------------

10. Извештај за работата на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2024 година, колективно и од аспект на поединечните членови,

со Предлог одлука за усвојување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот ги покани присутните со гласање да се изјаснат за утврдување на предложениот Дневниот ред. За утврдување на Дневниот ред акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Дневниот ред е прифатен едногласно, и дека работата на Собранието ќе продолжи според утврдениот Дневен ред. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на втората точка од Дневниот ред- Разгледување на Записник од 59. седница на Собранието на акционери на Банката. Претседавачот констатира дека Записникот од претходната 59. седница на Собранието во пропишаниот рок по одржувањето на седницата уредно бил проследен до надлежните институции и бил достапен на интернет-страната на Банката за сите акционери и заинтересирани страни.-------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по Записникот од 59. седница на Собранието на акционери на Банката. Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот ги покани присутните со гласање да се изјаснат за усвојување на Записникот. За усвојување на Записникот од 59. седница на Собранието на акционери на Банката акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Записник од 59. седница на Собранието на акционери на Банката е разгледан. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По третата точка од Дневниот ред- Единечни финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година ревидирани од страна на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје и Извештај на независниот ревизор, со Мислење на Надзорниот одбор на Банката, и Предлог одлука за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година со Мислење на Надзорниот одбор, Претседавачот го покани претставникот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје да го презентира Извештајот за извршената ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година. ---------------------------------------------------------------

Претставникот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје образложи дека ревизијата е извршена во согласност со законот и меѓународните сметководствени стандарди и дека е дадено позитивно мислење за материјално финансиското работење на Банката

врз основа на податоци кои се реални и објективни и се понуди да одговори на прашања на акционерите во врска со извештаите. --------------
За збор се јави акционер Благој Митров кој постави прашање дали менаџментот на Банката има размислување за делба на дивиденда, со оглед на тоа што процентот на адекватноста на капиталот за скоро 1% го надминува процентот кој е пропишан со регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија. --------------------------------------------------
Одговор на прашањето даде Претседателот на Управниот одбор, г-дин Санел Кустурица, кој посочи дека Шпаркасе Банка АД Скопје е материјално значајна банка и дека освен законската регулатива постои и стратешки документ на мнозинскиот акционер согласно кој за исплата на дивиденда е предвидено покрај регулираниот процент на адекватност на капиталот да се додаде дополнителен 1% за да се исплати дивиденда на акционерите, како одраз на претпазлива политика, бидејќи може да дојде до промена на стапката на адекватност на капиталот од страна на регулаторот. Интенција на Банката е да се дели дивиденда доколку за тоа бидат исполнети условите бидејќи тоа би бил позитивен сигнал за инвеститорите. --------------------------------------------------------------------------------
Акционерот Благој Митров постави прашање во врска со субординираниот кредит и дали неговото враќање ќе има влијание на адекватноста на капиталот. ---------------------------------------------------------------
Во одговор на ова прашање Претседателот на Управниот одбор, г-дин Санел Кустурица, наведе дека постои можност Банката да земе нов субординиран кредит бидејќи се планира зголемување на капиталот на Банката и годишен раст од 10%, бидејќи постои мотивираност кај мнозинскиот акционер за стабилност и континуиран раст на Банката, а во догледен период се планира и исплата на дивиденда на акционерите. ----
Со оглед на тоа што никој друг не се јави за збор, Претседавачот ја заклучи расправата и ја стави на гласање Предлог одлуката за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година со Мислење на Надзорниот одбор. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година со Мислење на Надзорниот одбор, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година со Мислење на Надзорниот одбор, и истата претставува прилог Д кон овој Записник. ---------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------

По четвртата точка од Дневниот ред- Консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година ревидирани од страна на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје и Извештај на независниот ревизор, со Мислење на Надзорниот одбор на Банката, и Предлог одлука за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година со Мислење на Надзорниот одбор, Претседавачот го покани претставникот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје да го презентира Извештајот за извршената ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година. ------------------------- Претставникот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје образложи дека ревизијата е извршена во согласност со законот и меѓународните сметководствени стандарди и дека е дадено позитивно мислење за материјално финансиското работење на Банката врз основа на податоци кои се реални и објективни и се понуди да одговори на прашања на акционерите во врска со извештаите. -------------- Претседавачот отвори расправа по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот ја заклучи расправата и ја стави на гласање Предлог одлуката за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година со Мислење на Надзорниот одбор. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година со Мислење на Надзорниот одбор, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година со Мислење на Надзорниот одбор, и истата претставува прилог Ѓ кон овој Записник. ------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------

По петата точка од Дневниот ред- Годишна сметка и финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за периодот 01.01-31.12.2024 година, со Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи, Претседавачот појасни дека во Билансот на состојба искажани се следните билансни состојби заклучно со 31.12.2024 година, вкупна актива, односно пасива во износ од 106.566.997.394,00 денари, со тоа што добивката пред оданочување изнесува 2.028.743.010,00 денари, а добивката по оданочување е 1.736.205.588,00 денари. Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ------------------------

За збор се јави акционерот Благој Митров кој постави прашање за структурата на депозитите, дали се од домашни правни и физички лица или се работи за странски депозити. --------------------------------------------------
Во одговор на ова прашање Претседателот на Управниот одбор, г-дин Санел Кустурица, наведе дека се намалуваат групациските депозити и дека депозитите се во најголем дел од домашни правни и физички лица.
Со оглед на тоа што никој друг не се јави за збор, Претседавачот ја заклучи расправата и ја стави на гласање Предлог одлуката за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи, и истата претставува прилог Е кон овој Записник. --------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По шестата точка од Дневниот ред- Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за периодот 01.01-31.12.2024 година, со Предлог одлука за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи, Претседавачот појасни дека во Консолидираниот Биланс на состојба искажани се следните билансни состојби заклучно со 31.12.2024 година, вкупна актива, односно пасива во износ од 106.820.522.402,00 денари, а добивката по оданочување изнесува 1.792.219.196,00 денари. Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ------------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот ја заклучи расправата и ја стави на гласање Предлог одлуката за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи, и истата претставува прилог Ж кон овој Записник. ---------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По седмата точка од Дневниот ред-Годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2024 година, со Мислење на Надзорниот одбор на Банката и Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето на Надзорниот одбор, Претседавачот го покани Претседателот на Управниот одбор на Банката, г.Санел Кустурица, да

се обрати со свое излагање до Собранието на акционери за работењето на Банката во 2024 година. ---------------------------------------------------------------

Претседателот на Управниот одбор на Банката, г.Санел Кустурица, во своето излагање наведе дека во 2024 година економијата на Република Северна Македонија доживеа стабилен раст. Стапката на инфлација во 2024 година изнесуваше 4,4% и стапката на раст на БДП од околу 3%. Основните каматни стапки започнаа да се намалуваат, но сеуште е присутна претпазливоста на монетраната политика во однос на присутните ризици. Глобалните ризици за растот беа претежно надолни, под влијание на геополитички тензии и неизвесности во трговската политика, што влијаеше на снабдувањето со примарни производи, трговските бариери, цените на увозот, инфлацијата и довербата на пазарот. Во вакви услови, банкарскиот сектор продолжи да бележи солидни стапки на раст на кредитната и депозитната активност која особено се интензивирала во текот на псоледниот квартал. За Шпаркасе Банка АД Скопје, 2024 година е уште една успешна година со остварен раст на активата од околу 13%, раст на вкупни кредити од околу 9% при што кредитите на правни лица се зголемиле за 10%, а на население за 7%. Банката ја продолжила успешната соработка со големите компании, но позабрзан и поизразен раст остварила и во соработката со мали и средни правни лица. И оваа година имало зголемена активност во делот на проектните финансирања, каде Банката била апсолутен пазарен лидер обезбедувајќи го овој вид финансирање повеќе од 10 години. Во делот на население, Банката понудила кредитни производи со фиксна камата стапка како и станбен кредит во денари. Истовремено, се одвивале активностите на прилагодување и осовременување на мрежата на експозитури во насока на ефикасно, пријатно и доверливо услужување на клиентите. ---------------------------------------------------------------

Во текот на изминатата година, Банката продолжила со стратегијата за поддршка и финансиска инклузија на младите, како општествено одговорна компанија, овозможувајќи дополнителни поволности во рамки на бесплатниот пакет за млади "Vibe on". Дополнително, Банката била единствена на пазарот во креирањето на потрошувачки кредит за млади со најниска каматна стапка за оваа категорија, овозможувајќи им пристап до поволно финансирање и поддршка за нивните тековни и идни финансиски цели. Овој чекор ја зајакнал заложбата на Банката кон младите како значаен клиентски сегмент и ја потврдила нејзината водечка улога на пазарот на финансиски производи за оваа популација. Покрај тоа, била лансирана првата платформа за финансиска едукација во рамките на државата, со цел да се едуцираат и поддржат младите во подобро управување со нивните финансии. ----------------------------------------

Во 2024 година, Банката успеала да ги зголеми клиентските депозити над 18% со околу 23% раст во секторот население и 13% во сегментот правни лица. Со тоа, Банката го зголемила своето финансирање и поддршка на локалниот пазар и ја зацврстила својата ликвидносна позиција задржувајќи ги кредитните линии и останатите извори на средства на исто ниво.-------------------------------------------------------------------

Шпаркасе Банка АД Скопје има остварено нето резултат од 28,2 милиони евра, што е за 18% повисок од реализираниот во 2023 година. Подобриот финансиски резултат се должи за реализацијата на приходите од редовно работење со зголемени нето каматни приходи од 7,5% и повисоки приходи од провизии во делот на картичното работење, осигурување, платен промет и брокерско работење. -----------------------------
На страна на трошоците имало зголемување на трошоците за вработени, тренинг, трошоците за софтвер за новите имплементирани развои како и трошоците за осигурување на депозити заради нивното значајно зголемување.-----------------------------------------------------------------------
Трошоците за исправка на вредност биле пониски од претходната 2023 година. На страна на нефункционалните кредити имало позитивен развој со значајно намален прилив на НПЛ и ослободување на резервации за енергетските и цикличните индустрии. ----------------------------------------------
Во своето излагање Претседателот на Управниот одбор на Банката, г.Санел Кустурица, се осврна на импликациите од Законот за минимално оданочување кој беше усвоен од страна на Собранието на Република Северна Македонуја на 27.12.2024 година. Согласно овој Закон, во данокот на добивка бил вклучен дополнителен данок во износ од 1,3 милиони евра. -------------------------------------------------------------------------------
Понатаму наведе дека индкаторите бележат подобрени вредности и се над планираните со РОЕ 13% и Коефициентот на трошоци под 45%. ------
Во 2024 година, Шпаркасе Банка АД Скопје продолжила со успешното проширување и развој на своите општествено одговорни активности преку платформата Sparkasse Life. Под мотото #ВерувајВоИднината, платформата Sparkasse Life го поставува темелот за позитивни промени, поттикнувајќи ја активноста на секоја личност и организација во создавањето на подобра иднина. Преку неа, Шпаркасе Банка АД Скопје го поставува својот ангажман за помагање на заедницата, негување на културните вредности и создавање на одржлива економија. Секој сегмент на платформата Sparkasse Life е насочен кон остварување на одржливи резултати, кои не само што ги поддржуваат актуелните, туку и ги поставуваат основите за идните генерации. ---------------------------------
На крајот на своето излагање Претседателот на Управниот одбор на Банката, г.Санел Кустурица, наведе дека Шпаркасе Банка АД Скопје силно верува дека активностите на Банката можат да инспирираат верба и оптимизам, и исто како досега, така и понатаму Банката ќе продолжи да нуди квалитетни и атрактивни понуди на производи и услуги, креирани според потребите на своите клиенти и да обезбедува најдобри услови и конкурентни каматни стапки на пазарот. --------------------------------
Претседавачот му се заблагодари на Претседателот на Управниот одбор на Банката, г.Санел Кустурица, за неговото излагање, и отвори расправа по оваа точка. ------------------------------------------------------------------
Откако никој не се јави за збор, Претседавачот ја заклучи расправата и појасни дека во согласност со членот 384 став 5 од Законот за трговските друштва, Собранието одлучува и за работата на членовите на Управниот одбор, со поединечно гласање за секој член на одборот. -------

Претседавачот ја стави на одобрување работата на Претседателот на Управниот одбор, г-дин Санел Кустурица за 2024 година. ----------------------
За одобрување работата на Претседателот на Управниот одбор, г-дин Санел Кустурица за 2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------
Претседавачот ја стави на одобрување работата на Заменик Претседателот на Управниот одбор, г-ѓа Нина Ненадонска за 2024 година. ------------------------------------------------------------------------------------------
За одобрување работата на Заменик Претседателот на Управниот одбор, г-ѓа Нина Ненадонска за 2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------
Претседавачот ја стави на одобрување работата на членот на Управниот одбор, г-дин Алвин Аличевиќ заклучно со 31.01.2024 година. -----------------
За одобрување работата на членот на Управниот одбор, г-дин Алвин Аличевиќ заклучно со 31.01.2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------
Претседавачот ја стави на одобрување работата на членот на Управниот одбор, г-ѓа Златица Цивкароски, сметано од 01.04.2024 година. -------------
За одобрување работата на членот на Управниот одбор, г-ѓа Златица Цивкароски, сметано од 01.04.2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------
Претседавачот ја стави на одобрување работата на членот на Управниот одбор, г-дин Александар Џорџевиќ, сметано од 01.04.2024 година. ---------
За одобрување работата на членот на Управниот одбор, г-дин Александар Џорџевиќ, сметано од 01.04.2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----
Потоа Претседавачот ја стави на гласање Предлог одлуката за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето на Надзорниот одбор. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето на Надзорниот одбор, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето на Надзорниот одбор, и истата претставува прилог Ж кон овој Записник. ----
------------------------------------------------------------------------------------------------
По осмата точка од дневниот ред-Консолидиран годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2024 година, со Мислење на Надзорниот одбор на Банката и Предлог одлука за усвојување на Консолидираниот годишен извештај и Мислењето на Надзорниот одбор, Претседавачот отвори расправа. Со оглед на тоа што никој не се јави за

збор, Претседавачот ја заклучи расправата и ја стави на гласање Предлог одлуката за усвојување на Консолидираниот годишен извештај и Мислењето на Надзорниот одбор. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Консолидираниот годишен извештај и Мислењето на Надзорниот одбор, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за усвојување на Консолидираниот годишен извештај и Мислењето на Надзорниот одбор, и истата претставува прилог 3 кон овој Записник. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По деветата точка од Дневниот ред- Предлог Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје, по Годишна сметка за 2024 година, Претседавачот појасни дека Шпаркасе Банка АД Скопје во 2024 година има остварено нето добивка во износ од 1.736.205.588,00 денари. Со предложената Одлука се предлага остварената нето добивка во износ од 1.736.205.588,00 денари на Шпаркасе Банка АД Скопје, во деловната 2024 година, да се распредели на следниов начин: ------------------------------------------------------

•1.386.205.588,00 МКД во Задржана нераспределена добивка, --------------

•350.000.000,00 МКД во Задржана добивка за инвестициски вложувања.-

Делот од нето добивката што останува како задржана нераспределена добивка нема да биде расположив за исплата на дивиденда на акционери во иднина и нема да биде оптоварен со какви било идни обврски. Делот од добивката кој се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања - реинвестирана добивка, ќе служи за развојни цели односно вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и нема да биде расположив за исплата на дивиденда на акционери во иднина и нема да биде оптоварен со какви било идни обврски. ------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот ја заклучи расправата и ја стави на гласање Предлог одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје, по Годишна сметка за 2024 година. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје, по Годишна сметка за 2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје, по Годишна сметка за 2024 година, и истата

претставува прилог S кон овој Записник. -------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
По десетата точка од Дневниот ред-Извештај за работата на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2024 година, колективно и од аспект на поединечните членови, со Предлог одлука за усвојување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор, Претседавачот отвори расправа. Откако никој не се јави за збор, Претседавачот појасни дека во согласност со членот 384 став 5 од Законот за трговските друштва, Собранието одлучува и за работата на членовите на Надзорниот одбор, со поединечно гласање за секој член на одборот. --------------------------------
Претседавачот ја стави на одобрување работата на Претседателот на Надзорниот одбор, г-дин Георг Бухер за 2024 година. --------------------------
За одобрување работата на Претседателот на Надзорниот одбор, г-дин Георг Бухер за 2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------
Претседавачот ја стави на одобрување работата на Заменик Претседателот на Надзорниот одбор, г-ѓа Валбурга Зајдл за 2024 година.
За одобрување работата на Заменик Претседателот на Надзорниот одбор, г-ѓа Валбурга Зајдл за 2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------
Претседавачот ја стави на одобрување работата на членот на Надзорниот одбор, г-дин Ханс Лудвиг Диксер за 2024 година, заклучно со 30.06.2024 година.------------------------------------------------------------------------
За одобрување работата на членот на Надзорниот одбор, г-дин Ханс Лудвиг Диксер за 2024 година, заклучно со 30.06.2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------------------------------------------
Претседавачот ја стави на одобрување работата на членот на Надзорниот одбор, г-ѓа Габриела Шмол, за 2024 година, сметано од 19.11.2024 година. ----------------------------------------------------------------------
За одобрување работата на членот на Надзорниот одбор, г-ѓа Габриела Шмол, за 2024 година, сметано од 19.11.2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----
Претседавачот ја стави на одобрување работата на членот на Надзорниот одбор, г-дин Славиша Којиќ за 2024 година. -----------------------
За одобрување работата на членот на Надзорниот одбор, г-дин Славиша Којиќ за 2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------------------
Претседавачот ја стави на одобрување работата на членот на Надзорниот одбор, г-дин Глигор Бишев за 2024 година. -------------------------
За одобрување работата на членот на Надзорниот одбор, г-дин Глигор Бишев за 2024 година, акционерите односно нивните полномошници и

застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------------------
Претседавачот ја стави на одобрување работата на независниот член на Надзорниот одбор, г-дин Горан Петревски за 2024 година. --------------------
За одобрување работата на членот на Надзорниот одбор, г-дин Горан Петревски, за 2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --------------------------------------
Претседавачот ја стави на одобрување работата на независниот член на Надзорниот одбор, г-ѓа Татјана Шишковска за 2024 година. -------------------
За одобрување работата на членот на Надзорниот одбор, г-ѓа Татјана Шишковска за 2024 година, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --------------------------------------
Потоа Претседавачот ја стави на гласање Предлог одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Надзорниот одбор. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Надзорниот одбор, акционерите односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 2.024.135 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Надзорниот одбор, колективно и од аспект на поединечните членови, и истата претставува прилог И кон овој Записник. ------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
Откако констатира дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот им се заблагодари на присутните акционери и нивни полномошници за нивното присуство и учество во работењето на Собранието, после што ја затвори седницата во 12 (дванаесет) часот и 45 (четириесет и пет) минути. ---------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
Потврдувам дека овој записник лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа. -----------------------------------
Учесникот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој записник во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. --------------------------------------------------------------
Овој записник е составен на петнаесет страни од петнаесет листа. На учесникот му е издаден еден извод, како и по еден извод за Народната Банка на Република Северна Македонија, Централниот регистар на Република Северна Македонија, и Централниот депозитар за хартии од вредност. Изворникот на нотарскиот акт се чува во мојата архива. ---------

Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е уредно наплатена. -------------------------------------------------
Нотарската награда е пресметана во износ од 12.000,00 денари, согласно член 41 став 1 и член 54 став 1 од Нотарската тарифа. ------------

За Учесникот во постапката, Претседавач г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, с.р.

Нотар
Зорица Пулејкова

**Јас НОТАР, ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА**

Бул. К. Ј. Питу бр. 15, Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени ______ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 76/25

Во Скопје, 29.05.2025 година НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ